Outlook

## Fw: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

From DKZ kontakt <contact@dkz.mk>
Date Mon 9/1/2025 2:36 PM [redacted]
To Daniela Simonovski <daniela.simonovski@dkz.mk>; Daniela Radik <daniela.radik@dkz.mk>

1 attachment (62 KB)
Барање за Државна комсија 01.09.2025.pdf;

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative, Procedurë të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 01. 09. 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005 | 1591/1 | | |

[redacted]

**From:** [redacted]>
**Sent:** Monday, September 1, 2025 1:22 PM
**To:** DKZ kontakt <contact@dkz.mk>
**Subject:** Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

[redacted]

**До: Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Барање за информации од јавен карактер се однесуваат на прашањето:

1.Лицата [redacted] преку [redacted] на ден 21.01.2025 година до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, поднесе Жалба заведена под број: 1105-208/25 против Министерство за Правда согласно член 104,105 и 1[redacted] од Закон за општа управна против Решение Бр. 08-77/1-2025 на Минсиетсрвото за Правда. Од ваша страна по поднесената до Минситесртвото за Правда на ден 15.07.2025 година сте се обратиле со барање за достава на списи. Врз основа на тоа кога [redacted] правеше увид во Предмет број: 1105-208/25 на ден 31.07.2025 година во седиштето на комсијата беше информиран од вработените дека комсијата по жалбата има донесено одлука на 28.07.2025 годин аи дека истата ќе била пратена преку пошта. Затоа прашуваме зошто сеуште одлуката не ни е доставена и до ден денес заклучно со 01.09.2025 година?

2.[redacted] на ден 31.07.2025 година до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, поднесоа Жалба против Секторот за инспекциски надзор на Град Скопје за постапување на инспекторот Љубе Стојковски врз основа на поднесена пријава за инсепкциски надзор со жалбата се бараше итно постапување. Од ваша страна по поднесената Жалба воопшто не сум информиран дали по жалбата е постапено согласно законските рокови од денот на поднесувањето. Затоа прашуваме дали поднесената жалба ја земавте во работа дали со допис се обративте до првостепениот орган со цел правилно и целосно утврдување на фактичка состојба и каква одлука сте донеселе и ако сеуште не сте донеле одлука поради кои причини сеуште не сте го сториле тоа?

3.Со оглед на тоа што [redacted] Скопје на ден 26.08.2025 година околу 14 часот лично беше во Архива на Министерството за образование и наука и се информираше дека никаква жалба ниту барање за достава на соодветни списи не се доставени до нив во кои како жалител се јавува лицето [redacted]атоа прашуваме зошто лажете и манипулирате дека со допис од 04.02.2025 година со Административно писмо за доставување на списи архивски број 1105-(207-216) меѓу други наводно по грешка сте ја пратиле и Жалбата на [redacted] наместо до Министерството за Правда до Министерството за образование и наука и дали лицето кое ја направило таа грешка со име и презиме [redacted] навистина работи во Државна комисија и ако работи на која работна позиција истиот е распределен и како истиот објаснува дека жалбата на Јасна Младеновска воопшто не е доставена до Министерството за образование и наука?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ____________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во 01.09.2025 ________, година .** [redacted]

____________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор втор степен**

12.09 2025

**Архивски број:** 1005-1391/2

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ“ бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
### за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер

1. Барањето за пристап од информации од јавен карактер поднесено по електронски пат од [redacted] од Скопје со број 1005-1391/1 од 01.09.2025 г. **СЕ УВАЖУВА.**
2. Бараната информација ќе биде доставена во форма и на начин како што е наведено во самото барање.

### Образложение

На ден 01.09.2025 година до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен по електронски пат доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted]. Во самото барање е наведено дека подносителот на барањето ја бара следнава информација:

1. Зошто на лицето [redacted] сеуште не е доставена одлука по жалба за предметот со број 1105-208, за која полномошникот [redacted] на ден 31.07.2025 година при вршење на увид во конкретниот предмет беше известен дека е донесена одлука на ден 28.07.2025 година?
2. Дали е одлучено по жалба поднесена од [redacted] на ден 31.07.2025 година до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен против Секторот за инспекциски надзор на град Скопје за постапување на инспекторот [redacted]
3. Со оглед на тоа што [redacted] на ден 26.08.2025 г. бил лично во архивата на Министерството за образование и наука и се


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

информирал дека никаква жалба ниту барање за достава на списи не е доставено до нив во кои како жалител се јавува лицето [redacted], подносителот прашува зошто Државната комисија манипулира дека жалбата на [redacted] по грешка со допис број 1105-(207-216) е доставена до Министерство за образование и наука, наместо до Министерство за правда. Исто така, подносителот прашува дали лицето [redacted] навистина е вработен во Државната комисија, на која работна позиција истиот е распореден и како истиот објаснува дека жалбата на [redacted] воопшто не е доставена до Министерство за образование и наука.

Притоа, начинот на кој барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација е увид, препис, фотокопија, електронски запис, а начинот на доставување на информацијата е по пошта, телефон и е- маил.

Постапувајќи по барањето, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен донесе одлука со која Барањето за пристап до информации од јавен карактер се уважува и ја дава следнава информација:

1.Како што бевте усно известени и при вршење на увид во предметот со наш број 1105-208 на ден 31.07.2025 г. во просториите на Државната комисија, комисијата на седница одржана на ден 28.07.2025 г.постапи по жалбата поднесена од страна на [redacted] Согласно важечките законски прописи, Државната комисија, како орган кој ја решил работата во втор степен го испраќа решението со списите кон предметот до првостепениот орган. Првостепениот орган е должен донесеното решението да го достави до странките.

Во конкретниот случај, Државната комисија по донесување на решението, истото во доволен број примероци го проследи до Министерство за правда. Поради тоа, Ве упатуваме да се обратите до конкретното министерство;

2.Во врска со жалбата поднесена од Ваша страна против Секотоорт за инспекциски надзор на град Скопје за постапување на инспекторот [redacted]истата на ден 31.07.2025 година е доставена до Државната комисија и заведена под број 1202-366. Предметот веќе е задолжен за работа кај стручната комисија на Државната комисија. Одлука [redacted] изјавената жалба од страна на Државната комисија се уште не е донесена, но, притоа треба да се има во предвид фактот дека по предметот се уште тече законскиот рок за постапување од 60 дена, како и фактот дека по предметите се постапува хронолошки.

3, Државната комисија при постапување по барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на лицето [redacted] со број 1005-1103/1 од 27.06.2025 г., во донесеното Решение не дава погрешни подат[redacted]за предметот 1105-208, односно се што е наведено во решението соодвествува со фактичката состојба на предметот. Имено, видно од списите на предметот со број 1105-208, во истите се наоѓа и Административно писмо за доставување списи број 1105-(207-216) од 04.02.2025 година до Министерство за образование и наука.

Со погоре наведеното административно писмо, Државната комисија се обрати до Министерство за образование и наука со барање списи за повеќе предмети, меѓу кој и предметот со број 1105-208, оформен по жалба на [redacted] Примерок од адмнистративното писмо во фотокопија Ви беше доставен при вршење на увидот.

Воедно, Ве известуваме дека лицето [redacted] е вработен во Државната комисија и распределен на работно место самостоен референт. Нејасно е зошто воопшто повторно прашувате дали лицето [redacted] работи во Државната комисија, кога при вршење на увидот, во предметот имаше опомена која се однесуваше на конкретното лице. Државната комисија може да изрече опомена во однос на работата само на лице, вработено во комисијата. Исто така, примерок од опомената Ви беше дадена во фотокопија по Ваше барање, видно од Записникот со број 1107-1232/3 од 31.07.2025 г. за извршен увид.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на решението.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Претседател**
**Илче Мушаревски**

Изготвил: Наталија С.Филипова

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

12.09.2025 година

**Архивски број:** 1005-1391/3

**До:** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор, во прилог на ова известување Ви доставуваме примерок од Решението на Државната комисија.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Прилог: Решение број 1005-1391/2

Изготвил:Наталија С.Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk